**Цементарница УСЈЕ АД Скопје**

**Годишно собрание**

**Предлагање на нови одлуки**

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат одлуки за усвојување по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на Собранието.

Предлогот се доставува во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционер правно лице.

Заедно со барањето акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација и тоа:

1. За акционер физичко лице се приложува:

- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена

2. За акционер правно лице се приложува:

- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена
- Последна тековна состојба од Централниот регистар во оригинал не постара од седум дена

Предлогот заедно со документите за идентификација мора да биде примен во **Цементарница УСЈЕ АД Скопје** најдоцна во рок од 8 (осум) дена од денот од објавата на Повикот за одржување на годишно собрание на Друштвото.

Адреса на која се доставува барањето:

**Цементарница УСЈЕ АД Скопје,** ул. Борис Трајковски бр. 94, Скопје

Одбор на Директори на Друштвото

Со назнака ,,за Годишно собрание,,